МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
Истражувачки центар за компјутерски науки и информатички технологии

---

**Проф. д-р Никола Стиков**
Универзитет во Монтреал, Канада

ПРЕДАВАЊЕ:
# КОН ПОСИЛЕН СИГНАЛ ВО НАУЧНАТА КОМУНИКАЦИЈА

Предавањето ќе се одржи на **18 мај 2017** (четврток)
во **12.00** часот во малите сали на МАНУ

**Куса биографија:**
Д-р Никола Стиков е професор по биомедицински инженеринг на Политехничката школа при Универзитетот во Монтреал. Дипломските студии, магистериумот и докторатот ги има завршено на Електротехничкиот факултет при Универзитетот Станфорд. Од 2010 до 2014, како постдокторанд на Невролошкиот институт во Монтреал, ја истражува микроструктурата на белата материја во мозокот и развива нови технологии за неинвазивно мерење на дебелината на миелинскиот обрач.
Во 2014 е избран за Junior Fellow на Меѓународното здружение за магнетна резонанса во медицината (ISMRM), а во 2015 се придружува на уредничкиот одбор на списанието Магнетна Резонанса во Медицината и ја промовира иницијативата Highlights. Како етаблиран промотор на науката, во 2016 станува гостин уредник на престижното научно списание Neuroimage и го основа официјалниот блог на Организацијата за мапирање на човечкиот мозок (ОНВМ), чијшто написи се пренесени на Хафингтон Пост и цитирани во Њујорк Тајмс.